РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 24.02.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2341 | | |

**До: Општина Валандово**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted].

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted].

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**1.Дали во меѓувреме се случила некоја промена, Совет или Центар? (Сакаме да дознаеме дали во меѓувреме се случила промена, дали е формиран Совет/Центар).**

**2.Да се достави вкупната бројка планиран Буџет на општината за 2022ра година, колку средства се од вкупната сума се за Совет за млади, колку за Младински центар, колку за Канцеларија за млади.**

**3. Да се достави вкупната бројка планиран Буџет на општината за 2023 та година, колку средства од вкупната сума се за Совет за млади, колку за Младински центар, колку за Канцеларија за млади.**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- **б) препис**
- **в) фотокопија**
- г) **електронски запис**
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во [redacted], 22.02.2023година** ____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-232/2
13.03. 2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted], заведено под бр.10-232/1 од 24.02.2023 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под бр.10-232/1 од 24.02.2023 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал:Е.Фидански
Одобрил: С.Х.Јовановиќ

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" 6б, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-232/3
13.03. 2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Арх. знак 1008
Рок на чување 5Г
13.03. 23 год.

ДО
[redacted]

ПРЕДМЕТ:Одговор на Вашето дополнително барање по ЗСПИЈК од 22.02.2023 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање по ЗСПИЈК од 22.02.2023 година, заведено под бр.10-232/1 од 24.02.2023 година, Ви ги доставуваме податоците од Општина Валандово

1. Формиран е Совет за млади;

2.Вкупниот Буџет на Општина Валандово за 2022 година е 260 342 420 денари и од него за Совет за млади планирни се 500 000 денари;

3.Вкупниот Буџет на Општина Валандово за 2023 година е 274 123 000 денари и од него за Совет за млади планирани се 500 000 денари;

Со почит,

Општина Валандово
Лице задолжено за посредување со информации од јавен карактер
Соња Христова-Јовановиќ